РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.СТ.052.01

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА РАЗВОЈ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА ПЕРИОД 2025-2027 ГОДИНА

Јануари 2025

Содржина

1. ВОВЕД ...... 6

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО РАМКИ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ...... 8

1.1 Човечки ресурси ...... 9
2.2 PEST анализа ...... 10
2.3 SWOT анализа ...... 14

3. МИСИЈА ...... 15

4. ВИЗИЈА ...... 15

5. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ...... 15

6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ...... 16

6.1 Стратешки приоритет „Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси“ ...... 17
6.2 Стратешки приоритет „Олеснување на трговијата“ ...... 21
6.3 Стратешки приоритет „Заштита на општеството“ ...... 27
6.4 Стратешки приоритет „Инфраструктурен и организациски развој и современо управување со човечки ресурси“ ...... 30

7. ГЛАВНИ ФАКТОРИ ЗА УСПЕХ ...... 35

8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ...... 35

9. ПРИЛОЗИ ...... 36

| Историја на документот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| Референтни документи | |
|---|---|
| Референца | Наслов на документот |
| Конвенции на Светската царинска организација, прирачници, компендиуми и други документи | Ревидирана меѓународна конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Kyoto Convention)<br>Аруша Декларација (Arusha Declaration) - Декларација на Советот за царинска соработка за добро владеење и интегритет во Царината<br>SAFE Рамка на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија (SAFE Framework of Standards to Secure and Facilitate Global Trade)<br>Компендиум за градење и развој на капацитетите на СЦО (WCO Capacity Building Development Compendium)<br>Партнерство во царинско академско истражување и развој (Partnership in Customs Academic Research and Development-Picard)<br>Компендиум за Овластен економски оператор (AEO Compendium)<br>Стратешки план на Светската царинска организација (WCO Strategic Plan 2022-2025)<br>Прирачник на Светската царинска организација за градење на интегритет (World Customs Organization's Integrity Development Guide, 2021 edition)<br>Прирачник за комуникација 2022 на Светската царинска организација (Communication Handbook for Customs Administrations 2022)<br>Акциски план за Зелена Царина на СЦО (WCO Green Customs Action Plan)<br>Акциски план на СЦО за кревки граници (WCO Action Plan on Fragile Borders)<br>Работна програма на Секретаријатот на СЦО за родова еднаквост и |

| | |
|---|---|
| | диверзитет (WCO Secretariat Gender Equality and Diversity Work Plan)<br>Конвенција на Хармонизиран систем на СЦО |
| **ЕУ стратегии, планови и други релевантни консултирани документи** | Известување од Европската комисија за реформа на Царината – Кон ново ниво на Царинската Унија (Communication from the Commission on Customs reform: Taking the Customs Union to the next level)<br>Стратешки план на Генералниот директорат за оданочување и Царинска унија 2020-2024 (Strategic Plan 2020-2024 DG Taxation and Customs Union)<br>Акциски план за спроведување на европското законодавство во домен на социјални прашања и правата на патниците при транспорт, февруари 2023 (Action plan for the implementation of the ЕУ Acquis in the area of social issues and passenger rights in transport)<br>Акциски план за олеснување на транспортот 2025-2027, Транспортна Заедница (Action Plan for Transport Facilitation, Transport Community, во фаза на финализирање)<br>Акциски планови за патишта, безбедност на патишта и олеснување на транспортот, Транспортна заедница, октомври 2020 (Action plans road • road safety • rail • transport facilitation, October 2020)<br>Стратешки план 2020-2024 на Европската канцеларија за борба против измама (Strategic Plan 2020-2024 of the European Anti-Fraud Office)<br>ЕУ ревидирани патокази за подобра Царина (EU 'Customs blueprints)<br>Посебен извештај за Овластени економски оператори – Европски суд на ревизори (Special report on Authorised Economic Operators 2023 -European Court of auditors)<br>EU CBAM - Carbon Border Adjustment Mechanism<br>Регулатива (ЕУ) 2024/1449 на Европскиот парламент и Советот од 14 мај 2024 година за воспоставување на Инструмент за реформа и раст на Западен Балкан (Regulation (EU) 2024/1449 of the European Parliament and of the Council of 14 May 2024 on establishing the Reform and Growth Facility for the Western Balkans)<br>Акциски план за Заеднички регионален пазар 2025-2028<br>Конвенција за заеднички транзит на Европска Унија<br>Приоритетите на Европското партнерство со Република Северна Македонија и најдобрите практики од странски царински организации со кои Царинската управа има договори за административна соработка |
| **EU Програма Customs 2021-2027** | Регулатива (ЕУ) бр. 2021/444 |
| **Договор за асоцијација и стабилизација (SSA)** | Извештај за напредокот на Република Северна Македонија во процес на приклучување кон Европската Унија |
| **Регионални иницијативи и приоритети** | Приоритетите на Програмата за Отворен Балкан (Open Balkan) |
| **Национални стратегии и приоритети** | Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 (НПАА)<br>Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2025-2029<br>Стратегија за реформа на даночниот систем 2021-2025 |

| | |
|---|---|
| | Национална Стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси 2021-2025<br>Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2024)<br>Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за период 2024-2028<br>Национална стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025<br>Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје 2022-2024<br>Стратегија за интелектуална сопственост 2022-2026<br>Националната стратегија за борба против измами (НАФС) за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Северна Македонија за периодот од 2022-2025<br>План за забрзан економски раст 2022-2026<br>Стратешки план на Министерство за финансии 2024-2026<br>Национална стратегија за борба против тероризмот 2023-2027<br>Стратегија за промоција на извоз 2024-2027<br>Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027<br>Патоказ за дигитална трансформација (2024-2030) |
| **Финансиски документи** | Програма за реформа на управувањето со јавни финансии 2022-2025<br>Програма за економски реформи 2023-2025 |
| **Светска трговска организација (WTO)** | Договор за олеснување на трговијата (Trade Facilitation Agreement (TFA)) |
| **Организација на обединети нации** | Меѓународна конвенција на Обединетите нации за борба против меѓународен организиран криминал |

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| НПАА | Националната програма за усвојување на законодавството на Европската Унија |
| ИКТ | Информатичко комуникациска технологија |
| DG TAXUD | Генерален директорат за оданочување и Царинска унија, Европска комисија |
| PEST | Метод на управување преку кој се оценуваат поважните политички, економски, социјални и технолошки надворешни фактори кои можат да влијаат на работењето |
| SWOT | SWOT анализата (strengths, weaknesses, opportunities and threats) е стратегија за стратешко планирање што се користи за да помогне да се идентификуваат предностите, слабостите, можностите и заканите поврзани со конкуренцијата или планирањето |
| MEOS | Management of Economic Operators System – Систем за управување со економски оператори |
| СОЦДАД | Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи |

# 1. Вовед

Стратегијата за развој на Царинската управа за периодот од 2025-2027 година е подготвена во согласност со стратешките определби и приоритети изнесени во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година[1] и националните стратешки документи и програми наведени како референтни документи.

## 1.2 Усогласеност со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите од Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА)

Царинската управа активно се залага за реализација на програмските определби и стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија што тежнеат кон современа и ефикасна државна администрација, јакнење на институционалните и административните капацитети и постојано воведување на нови повисоки стандарди во работењето:

- обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото;
- економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;
- унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност;
- интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;
- сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици;
- професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем;
- создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности."

[1] Службен весник на РСМ бр.177 од 26.8.2024 година

Стратешките приоритети на Царинската управа исто така кореспондираат со иницијативите преземени во регионални рамки и плановите и препораките дефинирани на ниво на Европската Унија и Светската царинска организација.

## 2. Анализа на состојбата во рамки на надлежностите на Царинската управа

Царинската управа на Република Северна Македонија како орган во состав на Министерството за финансии ги врши работите од својата надлежност согласно Законот за Царинската управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Законот за акцизите, Законот за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за данок на додадена вредност, Законот за данок на моторни возила и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стоки, како и други закони со кои се регулираат други работи во надлежност на Царинската управа.

Царинската управа ги извршува задачите во рамките на своите надлежности преку Централната управа – централна точка која ги координира и управува царинските надлежности на целата територија на државата и царинарниците кои координираат и управуваат со одреден регион, вршат царинско работење во патнички и товарен сообраќај и спроведуваат мерки за царински надзор, царинење, спречување на незаконски увозни, царински управни и царински прекршочни постапки, присилна наплата на царински давачки преку нивните организациони единици - царински испостави.

Работата се извршува преку основни организациони облици (сектори и царинарници) и внатрешни организациони облици (одделенија, служби, царински испостави и отсеци).

Главните области на работа на Царинската управа опфаќаат задачи поврзани со царини и акцизи (пресметка и наплата на давачки, надзор, контрола, царинење на стоки, истрага и разузнавање, наплата на парични казни) и други задачи утврдени со закон.

Царинската управа активностите ги финансира преку финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, преку буџетските програми 20-Царинска управа и 22- Гранични премини, како и преку потпрограмите на Владата МА-Помош при транзиција и институционална надградба и МБ-Прекугранична соработка. Дел од планираните активности се финансираат со кредит од Светска банка, со средства обезбедени од донатори - ИПА фондови, билатерална и меѓународна финансиска и експертска поддршка.




*Организациона шема на Царинска управа*

## 2.1 Човечки ресурси

Царинската управа има вкупно 1.187 вработени од кои 4 се доктори на науки, 74 се магистри, 704 се со високо образование, 7 со вишо образование, 395 со средно образование и 3 со друго образование. Од вкупниот број на вработени, 862 се мажи, а 325 се жени.

| Образование и група на службеници | Доктори на науки | | Магистри | | Високо Образование | | Вишо образование | | Средно образование | | Друго | | Вкупно вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Раководители | 2 | / | 12 | 8 | 113 | 53 | / | / | 9 | 1 | / | / | 136 | 62 |
| Стручни службеници | 2 | / | 25 | 29 | 372 | 151 | 5 | 1 | 234 | 40 | / | / | 638 | 221 |
| Помошно-стручни царински службеници | / | / | / | / | 9 | 6 | / | 1 | 75 | 34 | / | / | 84 | 41 |
| Администра-тивни службеници | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Работници | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | 2 | 1 | 4 | 1 |
| ВКУПНО | 4 | / | 37 | 37 | 494 | 210 | 5 | 2 | 320 | 75 | 2 | 1 | 862 | 325 |

Табела 1: Број на вработени според родова застапеност (состојба на вработени во ноември 2024 година)

## 2.2 PEST[2] анализа

### Политички фактор

За даночниот систем на национално ниво останува определбата за поголема праведност во оданочувањето, ефикасност и ефективност во наплатата на приходите, зголемена даночна транспарентност, подобар квалитет на услугите што ги даваат институциите на даночниот систем, забрзување и поедноставување на постапките преку повеќе дигитални услуги, подобро управување со издавањето увозно-извозни дозволи, елиминирање на непотребните нецарински бариери и подобра внатрешна и даночна контрола. Главната цел на даночната политика е обезбедување одржлив економски раст и развој, со правна сигурност за даночните обврзници и редовна наплата на јавните приходи, поголема ефикасност и продуктивност на даночниот систем за подобра наплата на приходите, преку поефикасна борба против нерегистрираните дејности и затајување данок и зајакнат институционален капацитет.

Царинската управа има стратешка улога преку давање совети и предлози за одлуките што се носат на државно ниво во врска со трговијата и синџирот на снабдување и дефинирањето на идни политики. Во секојдневното работење Царинската управа делува и како координатор помеѓу агенциите на граница и приватниот сектор.

Царинските прописи и делувања ќе соодветствуваат на среднорочната политика на Република Северна Македонија за поголема отпорност на економијата која се темели на повеќе платформи во периодот од 2021 до 2025 година и која вклучува ревизија на постојните договори за слободна трговија[3], кои овозможуваат повисок повластен тарифен третман и либерализација на трговијата, со цел почеток на примена на новите ревидирани ПЕМ преференцијални правила за потекло што се очекува да стапат на сила од јануари 2025 година.

Според Договорот за основање на Транспортната заедница[4] (потпишан во 2017 година) се креираат национални и регионални политики и проекти за подобрување на транспортот на национално и на регионално ниво (надоградба на спогодби за гранични премини и нивна

[2] PEST анализа – (political, economic, social and technological) метод на управување преку кој се оценуваат поважните политички, економски, социјални и технолошки надворешни фактори кои можат да влијаат на работењето.

[3] Засега мрежата на примена на повластена трговија опфаќа 41 земја, што е регулирано со 6 договори: со државите од ЦЕФТА, државите на ЕФТА и земјите членки на ЕУ и билатерални договори со Турција, Украина и Велика Британија и Северна Ирска

[4] Меѓународна организација за мобилност и транспорт, со 36 учесници - земји членки на ЕУ претставувани од Европската комисија, шест договорни страни од Југоисточна Европа (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија) и три земји во улога на набљудувачи – Грузија, Молдова и Украина (https://www.transport-community.org/)

имплементација, заеднички премини, усогласување со законодавството на Европска Унија за комбиниран транспорт).

## Социјален фактор

Со усогласување со вредностите, законите, политиките и праксите на Европската Унија, ќе се забрза регионалната економска интеграција на земјите од Западен Балкан кон единствениот европски пазар, а со тоа и приближување кон Унијата на социоекономски план.

При креирање на политиките ќе се посвети внимание и на Агендата на Обединети Нации за одржлив развој за 2030 година. Оваа агенда е со визија за човечки развој, која е помалку бирократска, а повеќе насочена кон просперитет.

При креирањето и спроведувањето на стратешките политики се делува транспарентно и со партнерски однос преку консултации со прогресивните фактори за сите предизвици, со цел да се изнајде најдобро прифатливо решение за напредок. Се охрабрува поголемо учество на граѓаните и деловната заедница во креирањето на политиките.

Царинската управа со модернизирање на деловните процеси ќе даде соодветен одговор на поголемата раздвиженост на луѓе преку граница, нивните потреби и очекувања и нивните права на достапност на информации и квалитетна јавна услуга. Дигиталните услуги стануваат задолжителна опција.

За успешно соочување со ризиците и предизвиците анализирани од социјален аспект (закани по безбедноста и здравјето, дигитална економија, перење на пари), Царинската управа ќе се потпира на нови компетенции и пошироки стручни знаења, унапредена анализа на ризик и интензивирана соработка.

## Економски фактор

Царинските политики соодветствуваат на стратешките одредници на Владата во насока на помагање на деловниот сектор преку идентични, ниски и предвидливи даночни и неданочни оптоварувања, обезбедување на повисок квалитет на јавните услуги, рационализирање и дигитализирање на граничните процедури и подобра меѓу-агенциска соработка, со цел намалување на доцнењата во спроведување на царинските постапки, склучување на нови договори за слободна трговија за зголемување на нејзиниот обем и опфат на повеќе производи, регулаторна гилотина за намалување на бирократијата, борба против сивата економија, заштита на електронската трговија од нерегистрирани трговци и обезбедеување на прописно плаќање на даноците, како и подобрување на транспортната инфраструктура.

За подигање на конкурентноста на подолгорочен план и за инклузивен раст важно е да се подобри конкурентноста на домашните компании, вклучувајќи ја тука и дигиталната транзиција и да се изврши интегрирање во глобалните синџири на вредност.

Зајакната наплата на приходи и поголема ефикасност во трошењето на јавните средства треба да придонесе за зголемување на животниот стандард на граѓаните. Дел од главните активности посебно се сконцентрирани на намалување на сивата економија и поголема наплата на средства за државниот буџет.

Ефикасноста, развојот и продуктивноста на националната економија се условени и од бескомпромисна борба против криминалот и корупцијата и целосно и ефективно владеење на правото и правната држава на сите нивоа.

На економски план Царинската управа ќе се прилагодува и ќе придонесува за економско закрепнување преку нови мерки за олеснување на трговијата, промовирање на концептот Овластен економски оператор, поедноставени постапки, скратено време и трошоци за спроведување на царинските и акцизните формалности. Ќе соработува со приватниот сектор и ќе се усогласува со промените на електронската трговија. Флексибилноста и континуитетот во приспособување кон современата економија ќе бидат запазени принципи во стратешкото делување.

**Технолошки фактор**

Со инструментот за реформа и раст на Западен Балкан се поддржуваат реформи за дигитална трансформација во економијата и општеството, која ќе биде од корист за сите граѓани, согласно визијата на Унијата за 2030 година (Дигитален компас 2030). Особено внимание се посветува и на сигурноста, отпорноста и заштитата на проектите за дигитална инфраструктура во регионот.

Во соработка со стручната, научната заедница и невладиниот сектор, а посебно со стопанските комори ќе се работи на креирање и усвојување на модерни политики и стратегии за развој на дигиталната економија и ИКТ секторот.

Ќе се зајакнуваат капацитетите на јавниот сектор за работа со податоци, ќе се работи на целосно дигитализирање на услугите што ги даваат државните институции, ќе им се пружи помош на граѓаните за користење на дигитални услуги и ќе се посвети големо внимание на сајбер безбедноста.

Царинската управа ќе се стреми кон постојано воведување на нови технологии следејќи ги процесите на модернизација и ќе спроведе дополнителна дигитализација на царинските и акцизните постапки. Размената на информации преку мрежи што се одликуваат со интерконективност и интероперабилност и меѓународна соработка ќе допринесе за поуспешно спроведување на функциите на Царината во опкружување што се карактеризира со растечки степен на дигитализација. Ефикасното користење на податоци и нивна анализа останува да биде главна задача за достигнување на епитетот „Дигитална Царина".

Модернизирањето на Царинската служба е поставено како приоритет на Владата за период 2024-2028 година и тоа во периодот што следи ќе вклучи воведување на нови електронски услуги и електронско издавање на документи.

### Надворешно опкружување

Инфлаторните движења и енергетската криза на глобално ниво го успоруваат и отежнуваат стабилизирањето на глобалните синџири за снабдување и подобрувањето на економски текови и трговската размена.

### Внатрешно опкружување

Соодветна организациона поставеност и соодветна екипираност на одредени организациони единици е императив за поголема ефикасност, модернизација и натамошно приближување кон европските стандарди.

Воспоставена е дигитализација на царинските и акцизните постапки и работните процеси поддржани со бројни софтвери и апликации што се надоградуваат и се надополнуваат со нови. Меѓу нив како поважни се издвојуваат:

- Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) што овозможува интеграција со екстерниот и владиниот домен, по однос на сите области на царинското и акцизното работење (увоз, извоз, транзит, движење на акцизни добра);
- Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) што користи напредни компјутерски технологии и електронска обработка на податоци и претставува современа алатка за спроведување на транзитната постапка, преку размена на електронски пораки помеѓу економските оператори и царинските испостави, како и помеѓу самите царински испостави.
- EXIM - електронски систем што го користат 16 институции кои имаат надлежности во областа на надворешно-трговското работење и кој претставува едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки (како нецарински мерки);
- Интегрирана тарифна околина (ИТО) со следните опфатени системи: ТАРИМ (националната имплементација на ТАРИК - Интегрирана тарифа на Европската заедница), Задолжителни тарифни информации (ЗТИ), Систем за квоти, Систем за надзор, Европски попис на хемиски супстанци (ЕПХС) и Систем за управување со примероци.

Системот за обуки ги следи новините во електронско учење и се прилагодува на потребите за модифицирање на плановите за обука, но сегашните недоволни расположливи капацитети се насочени претежно на редовни обуки. Потребно е воведување на царински компетенции според европските стандарди. За поуспешно управување со промените,

неопходно е исто така со системот на обуки да бидат опфатени повеќе раководните лица од сите хиерархиски нивоа. Мотивацијата на секој вработен е исто така постојан предизвик во однос на кој не се преземаат доволно мерки.

## 2.3 SWOT[5] анализа:

| Strengths | Weaknesses | Opportunities | Threats |
|---|---|---|---|
| * Високо ниво на усогласеност со европското законодавство и стандарди<br>* Политики соодветни на националните стратешки определби<br>* Надградување на постоечките системи и апликации и воведување на нови<br>* Редовно вршење на ревизија на работните процеси и ажурирање на пишаните процедури, согласно стандардот за управување со квалитет<br>* Добра анализа и справување со ризици<br>* Способност за проактивно делување<br>* Добра меѓуинституционална соработка<br>* Воспоставен партнерски однос со деловната заедница<br>* Добар експертски кадар од областа на царинското работење | * Зависност околу одржување и надградба на информатичките системи на Царинската управа<br>* Недоволен број на стручни вработени од областа на информатички и комуникациски технологии и одлив на кадар<br>* Недоволно следење на показателите на успех<br>* Нередовна примена на системот за мерење на задоволството на корисниците на услугите на Царинската управа<br>* Несоодветна инфраструктура на некои гранични премини<br>* Неповолна старосна структура на вработените<br>* Нема рамномерен однос на вработени кога станува збор за еднаква родова застапеност<br>* Распоредувањето на вработените не се базира секогаш на неопходно искуство, квалификации и стручно познавање<br>* Обезбедување на генерички и специјализирани обуки преку кои би се следел чекор со европските стандарди за јавна администрација<br>* Недостиг на опрема во некои организациони единици<br>* Работниот простор некаде не ги задоволува пропишаните критериуми<br>* Средствата кои се издвојуваат за одржување на објектите, инсталациите и опремата не се доволни, голем дел од објектите, инсталациите и опремата се стари и амортизирани | * Воведување на модерни ИТ решенија и поголема автоматизација и интероперабилност<br>* Надградба на постоечките ИТ системи<br>* Засилена контрола и анализа<br>* Подобрена размена на информации<br>* Подобрување на интерните процедури за работа<br>* Постојана едукација и подобрен систем на обуки<br>* Јакнење на организационата култура (колективни вредности, верувања и принципи) и етичките начела<br>* Ангажирање на стручен кадар со посебни професионални квалификации<br>* Практикување на примена на посебни мерки за подобрување на ефикасноста во работењето и мерење на ефектите од такви посебни мерки<br>* Воспоставување на поефикасен систем за мотивирање на вработените и поттикнување на иновативност | * Одлив на стручен и професионален кадар<br>* Недостасува подмладок во одредени стручни царински служби што е еден од условите за успешен преговарачки процес за европска интеграција<br>* Недоволна екипираност со опрема и користење на застарена опрема<br>* Голема зависност од надворешни партнери за развој и одржување на ИТ системите<br>* Недоволни капацитети за управување со проекти за модернизација и развој<br>* Интензитетот на реализација на обуките не ги следи реалните потреби за навремена подготовка на царинските службеници,<br>* Недостаток на средства неопходни за вложување во понапредна технологија и опрема, одржување и унапредување на сегашните капацитети<br>* Недоволни капацитети за истовремено и паралелно спроведување на сложени проекти за европска интеграција и развој<br>* Отежната реализација на инфраструктурните проекти |

5 SWOT анализата – (strengths, weaknesses, opportunities, and threats) е стратегија за стратешко планирање што се користи за да помогне да се идентификуваат предностите, слабостите, можностите и заканите поврзани со конкуренцијата или планирањето.

## 3. Мисија

Со засилено и одлучно почитување на законите, спроведено од професионално обучени царински службеници, да ја подобриме наплатата на приходи и да ги заштитиме сопствените граници преку бескомпромисна борба против недозволената трговија и корупцијата, истовремено олеснувајќи ја трговијата и движењето на стоки и патници во согласност со најдобрите стандарди на ЕУ и СЦО, со посебен осврт на воведување на дигитализирани постапки, модернизација и намалување на административното оптоварување.

## 4. Визија

Да бидеме водечка Царинска управа во регионот – модерна, квалитетна и ефикасна царинска служба од доверба, која работи според очекувањата на деловната заедница и граѓаните, успешна институција во борбата против криминалот, корупцијата и нелегалната трговија, со јасни и видливи мерливи резултати.

## 5. Принципи и вредности

Сите вработени на Царинската управа играат значајна улога во остварувањето на нејзините цели и зачувувањето на нејзиниот интегритет.

Царинската управа има за цел постигнување на високо ниво на доверба во јавноста и одржување и развој на организационата култура врз основа на следните принципи:

- Владеење на правото, еднаквост и праведност;
- Лидерство, професионалност, одговорност, чесност и транспарентност;
- Ефикасност, ефективност, достапност и доверливост.

При спроведувањето на законите и правилата Царинската управа применува високи стандарди на однесување и основни вредности, како што се:

- Квалитетна услуга;
- Професионален интегритет;
- Посветеност;
- Искреност и доверба;
- Солидарност;
- Мотивација и развој на човечкиот потенцијал и
- Тимска работа и корпоративен дух.

Сите вработени и раководниот кадар се лично одговорни за примена на овие вредности во нивната секојдневна работа, а нивното однесување влијае на угледот на Царинската управа.

## 6. Стратешки приоритети

Стратешките приоритети на Царинската управа се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии. Земени се во предвид и Европскиот план за раст за Западен Балкан, Акцискиот план на Транспортната заедница, Акцискиот план на ЦЕФТА, Акцискиот план за Заеднички регионален пазар во рамки на Берлинскиот процес, како и другите меѓународни стандарди и најдобрите практики поврзани со Царината.

Царинската управа, согласно актуелните мерки и политики на ЕУ и Царинската унија, се стреми кон поголема иновативност и ефикасност и воведување на „паметни" царински процеси. Дејствата кои се планираат се во насока на надминување на клучните предизвици со кои се соочуваат царините на меѓународно ниво: порастот на примената на е-трговијата и дигитализацијата и непредвидените случувања на глобално ниво.

Традиционално, најзначајна улога на Царинската управа е **наплатата на увозни и други давачки и даноци**. Подеднакво важна и растечка е улогата на Царината во областа на **безбедноста и сигурноста. Заштитата на здравјето** и безбедноста на граѓаните и општеството останува да биде на врвот од дневниот ред. Царинската управа е на прва линија на одбрана **против нелегални и забранети активности**. Ќе остане посветена и на својата поширока општествена цел - обезбедување на **одржлив економски раст** преку зголемување на конкурентноста и инвестициите, подобрување на деловното опкружување и создавање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси. Ова ќе биде поддржано преку **олеснување, едноставни и транспарентни процедури** и во тесна соработка со бизнисот и трговијата.

За достигнување на визијата, клучна важност имаат интероперабилноста и интерконекциите со европските царински системи, вклучително и интеграцијата на националните системи, како и посветеноста кон иновации и **модернизација на администрацијата** која подразбира понатамошен интензивен развој на ИТ и човечки ресурси, подобрување на условите за работа и одржување на високи стандарди за интегритет на вработените.

Целите и мерките за спроведување на стратегијата за Царинската управа се опфатени со подолу наведените стратешки приоритети, кои ќе се достигнуваат преку спроведување на мерките и активностите утврдени во програми и потпрограми:

- **Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси;**
- **Олеснување на трговијата;**
- **Заштита на општеството;**
- **Инфраструктурен и организациски развој и современо управување со човечки ресурси.**

## 6.1 Стратешки приоритет „Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси"

При наплатата на приходи, ќе се има предвид определбата на Светската царинска организација да се стави фокус на Хармонизираниот систем, вредност и потекло на стока и мобилизирање на ресурсите. Започнатата реформа на даночниот систем на национално ниво се фокусира на зајакната наплата во областите каде се детектираат неправилности и силна борба против неформалната економија. Важно е да се опфатат сите даночни обврзници, да се испочитува принципот на неселективност и да се напредува на ниво на ефикасноста во наплатата.

Царинската управа е една од главните институции за наплата на давачки во државата – околу 48% удел во вкупните приходи во Буџетот на државата (царина, ДДВ, акциза, данок на моторни возила и други надоместоци) и околу 72% удел во даночните приходи. За успешност во оваа улога ќе се посвети особено внимание на соодветна пресметка и ефикасно собирање на давачките во согласност со сите релевантни закони, како и на дигитализација на процесите.

**Стратешки цели:**

*6.1.1 Обезбедување на ефикасна наплата на приходи*

**<u>Програма 1</u>-Наплата на приходи**

**<u>Потпрограма 1.1</u>. Унапредување и олеснување на постапката за наплата на приходи и обезбедување на царински и акцизен долг**

Насоки и активности на стратешко делување:

- **Подготвителни активности за имплементација на систем за воведување на А и Б сметки во согласност со регулативата и системите на ЕУ**
  Ќе бидат воспоставени организациска и техничка основа за воведување на ваков вид на сметки согласно европското законодавство.
- **Подобрена реализација на присилна наплата на давачките**
  Функционална анализа за унапредување на Службата за присилната наплата преку воведување на нова организациона структура и надлежности во делот на попис, проценка и заплена на движен имот, а со цел подобрена наплата на царинскиот долг.
- **Донесување и имплементација на Правилникот за отпис на застарени побарувања**
  Изработен е предлог Правилник за содржината, начинот на водење на царинската евиденција и отписот на увозните и други давачки и даноци кои Царинската управа ги наплатува и истиот е доставен до Министерството за финансии.

Со донесување на овој Правилник ќе се надмине проблемот со отпис на застерени побарувања што се провлекува од 1999 година. Ќе се воспостави систем за редовен отпис на ненаплатливи побарувања.

- Понатамошно следење, подобрување на практиката и спроведување на нови мерки во однос на примена на тарифните и нетарифни прописи поврзани со правилно распоредување на стоки, со користење на лабораторија и лабораториски анализи, определување преференцијално и непреференцијално потекло на стоката, царинска вредност, примена на преференцијали.

**Потпрограма 1.2 Акредитација на Царинска лабораторија**

Со акредитација на Царинската лабораторија преку воведување на стандардот ИСО 17025 (Општи барања за компетентност на лабораториите за тестирање) ќе се обезбеди меѓународно признавање на резултатите од испитувањата, како и намалување на непотребните повторувања на постапките, а со тоа и олеснување на условите за единствен проток на стоките.

Со акредитацијата на одредени аналитички методи согласно наведениот стандард ќе се овозможи резултатите да бидат признаени и во случај на спор.

Насоки и активности на стратешко делување:

- **Усогласување на документацијата во Лабораторијата со последната верзија од стандардот ИСО 17025**

  Во Царинската лабораторија се продолжува со усогласување на дел од документацијата со новата верзија од стандардот ИСО 17025-Општи барања за компетентност на лабораториите за тестирање. Следат активности за реновирање и обезбедување на технички услови за работа на Лабораторијата, по што ќе има и повторна ревизија и промена на документацијата во однос на техничките услови.

- **Вработување на нов млад стручен кадар во Лабораторијата согласно ситематизацијата на Царинската управа**, што ќе работи на нови аналитички методи, со цел поделба на работата во лабораторијата по области.

- **Разработка на нова метода во Лабораторија со набавка на нов инструмент за одредување на новиот фискален маркер за гасни масла** согласно Правилникот за оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија.

**Потпрограма 1.3 Воведување на постапки и инструменти за соодветно следење на акцизните добра и наплата на акцизни давачки**

Соодветното следење на акцизните добра е важно заради зголемениот обем на трговија со ваква стока, штетноста по здравјето (особено констатирано кај тутунските производи), регистрирано затајување во плаќање на давачки и недозволена трговија на акцизни добра како извор на финансирање на организиран криминал.

Со мерките што се преземаат за соодветна наплата на акцизните давачки, посебно се внимава и на сигурноста и можноста надлежните органи и граѓаните да можат да ја проверат автентичноста на производите:

1. Развој на политики, системи, постапки и инструменти за ефикасна контрола и наплата на акцизите преку усогласување, унапредување и примена на регулативата согласно најдобрите национални и европски практики;
2. Понатамошен развој и унапредување на електронскиот бесхартиен систем за управување со акцизните документи, а со цел забрзување и поедноставување на акцизните постапки и зголемување на надзорот и контролата на акцизните добра;
3. Зголемување на ефикасноста на акцизните контроли преку воведување на таргетирани контроли на високоризични акцизни добра;
4. Интензивирање на соработката со деловната заедница, развој на соработката со релевантните агенции во земјите на ЕУ и меѓународните институции.

Насоки и активности на стратешко делување:

Воспоставување на систем за обележување и следење на тутунски производи (цигари) преку системот TRACK&TRACE што се базира на дигитална идентификација на производите, преку аплицирање на единствен идентификатор во форма на дигитален код на пакувањето на производот при самиот процес на производство. Дигиталниот код содржи сигурносни мерки против фалсификување и овозможува следење на движењето на конкретниот производ од производителот до првото малопродажно место.
За реализација на проектот потребна е мултиресорска работна група која ќе го дизајнира целиот процес од логистичка подготовка до имплементација. Согласно насоките од Европската Комисија наведени во Извештајот за напредокот на државата за 2024 година, ратификуван на Протоколот за елиминирање на нелегалната трговија со тутунски производи.[6]

Се планира воведување на одредби за примена на делумно денатуриран алкохол, воспоставување на дополнителна контрола и ограничување на употребата на чистиот алкохол, за спречување на негова злоупотреба и избегнување на плаќање на акцизата.

**<u>Потпрограма 1.4</u> Примена на тарифни и нетарифини мерки**

Усогласувањето на номенклатурата на Царинската тарифа со номенклатурата на Хармонизиран систем на меѓународно ниво овозможува поедноставна примена на меѓународни договори, анализа на глобалната економија за цели на планирање во домен на економски прашања, политика и деловно работење, како и за трговски преговори во меѓународни рамки.

---

6 Закон за ратификација на Протокол за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи (Сл.В 263/2024 од 20.12.2024)

Секоја година се врши и усогласување со номенклатурата на Царискатa тарифа со ЕУ .

Преведени и воведени се исто така измени на Коментарските забелешки за ХС 2022 година. Следна ваква активност ќе биде реализирана во 2028 година.

*Стратешка цел:*

*6.1.2 Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии*

**Програма 2-Среднорочно буџетирање и систем за јавна внатрешна контрола**

**Потпрограма 2.1 Буџетски процес и финансиска одговорност**

Со новиот Закон за буџети (Organic Budget Law) се овозможува донесување на стандардна методологија за дефинирање, подготвување, оценување и приоретизирање на новите инфраструктурни проекти, во која се утврдува дека буџетските корисници, во рамките на процесот на подготовка на буџетот, мора да достават студии или пред-студии за изводливост, во кои се поддржани сите нови големи инвестициски предлози, а потоа Министерството за финансии ќе подготви мислење до Владата (меѓусекторска работна група/комитет) врз основа на резултатите од студиите, пред одреден проект да биде земен предвид за финансирање од буџетот или друг извор.

Насоки и активности на стратешко делување:

*Подобрување на буџетскиот процес и финансиската одговорност и капацитет на лицата овластени за преземање на финансиски обврски како главни корисници на одобрените буџетски средства и зајакнување на системот за јавна внатрешна контрола во Царинската управа*

1. Зголемување на ефикасноста и транспарентноста на јавните финансии;
2. Подобрување на буџетскиот процес од буџет заснован на инпути кон буџет насочен кон резултати;
3. Обезбедување на континуирана поддршка за подобрување на финансиската одговорност и капацитет на лицата овластени за преземање на финансиски обврски како главни корисници на одобрените буџетски средства;
4. Примена на дисциплинирана буџетска потрошувачка со акцент на рестриктивност и контрола на помалку продуктивните трошоци за сметка на зголемување на инвестиционите вложувања во капитални проекти и подобрување на инфраструктурата;
5. Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Царинската управа.

## 6.2 Стратешки приоритет „Олеснување на трговијата"

Царинската управа, применувајќи нови дигитални решенија и мерки, ќе биде насочена кон дополнително олеснување на трговијата, при што работните процеси ќе се развиваат за да се постигне поголема ефективност, модернизација и задоволување на потребите на деловната заедница. Важно е соодветно да се користат податоците собрани од царинските декларации и нивна обработка, анализа и примена во процесот на носење на одлуки.

И понатаму ќе се промовира размената на информации помеѓу царинските и други служби, со почитување на законските прописи и чувствителната природа на одредени информации.

Особено внимание ќе биде посветено на обезбедување на информации и податоци, не само од царинските декларации, туку и од други комерцијални извори кои се валидирани во синџирот на снабдување и плаќање (на пример: овластени економски оператори, платформи за е-трговија, банки и др.). Квалитетот на информациите и податоците, можноста за нивна обработка и размена со сите засегнати институции ќе биде еден од врвните приоритети.

Како членка на Светската царинска организација Царинската управа ќе ги следи одредниците на СЦО, која за претстојниот период има приоритет да се посвети на Ревидираната Кјото конвенција, електронската трговија, Договорот за олеснување на трговијата на СТО, SAFE рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија и концептот на овластен економски оператор, Data Model и прашањата поврзани со прекуграничното движење на отпадот.

Царинската управа ќе учествува и во активностите на Договорните страни на ЦЕФТА и на Договорот за Транспортна заедница, кои имаат преземено обврска[7] за дополнително олеснување на транспортот и трговијата, скратено време на чекање на граници, заедничко залагање за проширена примена на зелените коридори, воспоставување на синхронизирани контроли со едно запирање (one-stop controls).

**Стратешки цели:**

*6.2.1 Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на Европската Унија и дополнителна автоматизација на постапките*

**<u>Програма 3</u>-Даночна и царинска политика**

**<u>Потпрограма 3.1</u> Подготовка на нова и измена на тековната законска регулатива**

Насоки и активности на стратешко делување:

[7] CEFTA-TCT Declaration "taking Forward the Green Lines" (https://cefta.int/wp-content/uploads/2019/01/Joint-declaration_1683890468.pdf)

1. **Нов Царински закон** со кој се регулираат нови дигитални постапки, нови одобренија, право на сослушување кога се носи негативна одлука, нови термини на царински постапки, нови дигитални системи (усогласување со новиот Царински закон на Унијата);
2. **Уредба за спроведување на новиот Царински закон** (пропишување на услови, критерими, рокови за постапување според новиот Царински закон);
3. **Упатства за спроведување на новиот Царински закон** (за увоз, извоз, транзит, гаранции, внес на стока на царинско подрачје и др.);
4. **Предлог измени и дополнување на Закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки** (натамошна дигитализација на размената на податоци, ревидирање на комисиите пропишани со Законот, пропишување на услови за издавање на објекти на граничен премин, олеснување на условите за стекнување на лиценца за вршење на работи на застапување во царинските постапки, подобрување на текстот и пропишување и прецизирање на одредени потешкотии во примената на истиот);
5. **Уредба за ослободување од плаќање на увозни давачки;**
6. **Воведување на Хармонизиран систем 2028 и Комбинирана номенклатура на ЕУ, усогласена со ХС 2028;**
7. **Нов Закон за Национален едношалтерски систем;**
8. **Понатамошно усогласување на регулативата за акцизите со измени и дополнувања на Законот за акцизите** (измена на одредбите за тутунски производи во насока на усогласување со претстојните измени на Директивата на Советот 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 за акцизната структура и акцизните стапки кои се однесуваат на преработен тутун, измени во насока на преструктуирање на начинот на пресметка на акцизата на енергентите согласно претстојните измени на Директивата на Советот 2003/96/ЕЗ од 27 октомври 2003 година за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија);
9. Измени во постоечките правилници и пратечката регулатива, согласно реформите предвидени со измените на Законот за акцизите.

Кај електронската трговија потребно е успешно справување со ризиците: ефикасност во царинење при зголемен обем на трансакции, управување со измените на пратки-од обемен товар и товар во рефус состојба во бројни и мали пратки со пониска вредност, управување со ограниченото познавање на увозниците, квалитет на податоци, пропишана улога и одговорност на операторите во електронската трговија за пружање помош на државните институции, соодветна наплата на давачки и такси, препознавање на злоупотреба за цели на недозволена трговија, придржување кон правилата за тарифирање и потекло, интегрирање во меѓународната трговија, заштита од криминално користење на електронската трговија, дополнителни поедноставувања за имателите на одобренија за Овластени економски оператори.

Царината е вклучена во подготвителните активности за понапредно опкружување кое ќе поддржува размена на електронски товарни листови согласно одредбите на CMR Конвенцијата и Дополнителниот протокол за електронски CMR.

Потпрограма 3.2 **Дигитализирани процеси и услуги**

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компаниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците.

***Методологија на управување со животен циклус на апликации и проекти***

Царинската управа има стратешка заложба за примена на методологија за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи, која ги опфаќа и проектите како дел од животниот циклус. За таа цел донесено е Упатство за управување со животен циклус на апликациии и ИКТ системи и Прирачник за управување со проекти со кои се усвоија клучните компоненти на најдобрите светски признаени методологии, како што се PRINCE2, TEMPO, RUP и сл., а при тоа се земаат предвид комплексноста и очекуваното времетраење на проектите. Усвоената методологија беше позитивно оценета од ИТ мониторинг мисиите на DG TAXUD.

***Политика на воведување на надворешна поддршка***

Без оглед на недоволната екипираност на Секторот ИКТ, ангажирањето на надворешна поддршка е практика што се применува за одржување на царински ИКТ системи и е дел од финансиските планови.

За да се постигне унапредување на ИКТ услугите за крајните корисници, Секторот ИКТ е целосно посветен на примена на препораките содржани во ITIL[8]. Во таа насока, воспоставен е процес на Договори на ниво на услуги (SLA[9]), кој опфаќа управување со договори за одржување на ИКТ системи со надворешни субјекти, како и управување со договори со надворешни субјекти за проекти во развој.

Дигитализацијата е веќе опфатена во сите стратешки приоритети на Царинската управа, преку повеќе планирани проекти. Акцискиот план за развој, на чија реализација активно се работи, ќе биде дополнително ажуриран согласно преземените обврски кои произлегоа од одржаниот Билатерален состанок за утврдување на подготвеноста на Северна Македонија за Поглавје 29 – Царинска унија ( 7-8 јуни 2023 година).

---

[8] ITIL е глобално призната методологија за најдобра практика за управување со ИТ услуги. https://www.itil.org.uk/what-is-itil

[9] SLA - Договор на ниво на услуга е договор помеѓу давател на услуги и клиент за квалитет, достапност, исполнување на специфични обврски и одржување.

Навремената и ефикасна имплементација на европските регулативи и системи на национално ниво, а особено директната интерконекција со централните европски системи, согласно Повеќегодишниот стратешки план на Европската Унија за воспоставување е-Царина (MASP-C) се императив за Царинската управа во периодот што следи.

Во периодот од 2023 – 2025, согласно националните побарувања, Царинската управа дефинираше план за имплементација на системите НКТС-5, ЗТИ, Систем за царински одлуки, Direct trader access to the European Information Systems (Uniform User Management & Digital Signature), надградба на AEO, EORI 2, како и New Single Window со BI & DWH (систем за деловно разузнавање и податочно складирање).

Насоки и активности за обезбедување на повисоко ниво на автоматизација преку развој на нови системи за **интероперабилност со системите на ЕУ и системите од националниот владин домен:**

- **Развој и имплементација на измените на Новиот компјутеризиран транзитен систем – Фаза 5 и имплементација на новата архитектура на Системот за интеркомуникација со европските системи;**
- **Развој и имплементација на националниот домен на Системот за регистрација и идентификација на економските оператори** (Систем EORI кој е задолжителен за царинење на царинската територија на Европската унија и се користи за идентификација за сите видови царински операции како што се извоз, увоз и транзит) **и Единствено управување со корисниците и дигиталните сертификати (UUM&DS);**
- **Имплементација на националниот домен на системите за Задолжителна тарифна информација, Управување со квоти, Управување со царинската тарифа;**
- **Развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window);**
- **Имплементација на националниот домеин на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД);**
- **Имплементација на Нов Компјутеризиран транзитен систем – фаза 6;**
- **Нов систем за увоз и извоз како дел од Планот за раст;**
- **Пристапување кон апликацијата е-РОС.**

## Потпрограма 3.3 Осовременета ИКТ инфраструктура

Планиран е развој и имплементација на податочен склад (Data Warehouse), во рамки на „Проектот за воспоставување на нов Систем за управување со ризик и царински податочен склад " (The Establishment of Risk Management and Customs Data Warehouse System), со помош од Царината на Кореја. Финализација на Проектот е планирана до крај на 2026 година.

Имплементацијата на податочниот склад има за цел да обезбеди централизирана база на еднозначни и квалитетни податоци како основа за подобрување на деловните процеси во Царинската управа.

Ќе продолжат тековните активности во процесот за обезбедување на континуитет во работењето во случај на опоравување од катастрофи, што ќе овозможи сите критични ИКТ системи да можат да се активираат и на локацијата на **Податочниот центар за опоравување од катастрофи** (Disaster Recovery). Со ова би се имплементирале неопходните побарувања и стандарди за заштита на податоците и обезбедување на соодветна заштита на системите од непогоди.

Ќе се имплементираат нови е-иницијативи во царинското работење (е-трговија, е-банкарство, е-учење).

Ќе биде имплементиран ISO/IEC 27001 (Стандард за систем за безбедност на информации), кој треба да ги опфати сите ИТ процеси поврзани со ИТ безбедноста и заштитата, апликациите, податоците и ИКТ системите, поставени во Податочниот центар (сервер сала) лоциран на примарна локација на Царинската управа во Скопје, како и неопходните процеси во Податочниот центар за опоравување од катастрофи (Disaster recovery center), во финална фаза на имплементација.

Ќе се работи на зголемување на административниот капацитет и надминување на проблемот со недоволен број на вработени во Секторот за ИКТ, кој е еден од постојаните заклучоци во извештаите од ИТ мониторинг мисиите на DG TAXUD, како и забелешка што произлезе од Билатералниот состанок за утврдување на подготвеноста на Северна Македонија за Поглавје 29 – Царинска унија.

За реализација на развојот на планираните системи согласно MASP-C, очекувана е дополнителна потреба од човечки ресурси, како на пример експерти кои располагаат со соодветни вештини и познавање на ЕУ ИТ системи.

Царинската управа ја разбира неопходноста од обезбедување на континуирани обуки, план за кариера, како и имплементирање на систем на награди за вработените. Сето ова би придонело за намалување на стапката на флуктуација на вработените, а исто така и за нови вработувања.

**Стратешка цел**
*6.2.2 Унапредување на бизнис опкружувањето и олеснети услови за тргување*

**Програма 4 – Регионална економска соработка**

**Потпрограма 4.1 - Деловно опкружување кое заштедува трошоци и време при тргување**

Насоки и активности на стратешко делување:

*Имплементација на заедничките проекти и активности планирани во рамки на ЦЕФТА, во рамки на иницијативата Отворен Балкан или со билатерални договори*

Активно учествуваме во активностите на ЦЕФТА со која е воспоставена рамка за заеднички регионални активности за олеснување на царинските постапки, подобрување на ефикасноста на трговијата и борба против царински измами и шверц, воспоставување заеднички контроли и зелени ленти, признавање на ОЕО, воведување е-трговија, размена на информации преку SEED системот, како и имплементација на Регионална стратегија за управување со ризик.

1. Меѓусебно признавање на одобренијата за **Овластен економски оператор**

### 1.1 Иницијатива за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор со ЕУ

Врз основа на планот за забрзана интеграција во Европската Унија, предвидено е започнување на активност за меѓусебно признавање на програмите за ОЕО. Оваа активност е планирана да почне да се применува во 2027 година.

### 1.2 Проект „Рамка за ОЕО"

Утврдување на заеднички точки и сегменти за соработка на царинските органи со граничните агенции во делот на ОЕО и остварување на поволностите за имателите на одобренија за ОЕО (развој и зајакнување на регионалната соработка помеѓу царинските администрации, фито агенциите и приватниот сектор со цел изнаоѓање на можности за заеднички применливи решенија кои би овозможиле значително намалување на граничните формалности и контроли, особено во однос на вршење на заеднички контроли од страна на царинските администрации и фито агенциите, како и меѓусебно споделување на релевантни податоци).

2. Проширена мрежа на **зелени коридори**, со достапност 24/7 и воведување на зелени коридори со ЕУ

„Зелените коридори" функционираат во регионот со земјите на ЦЕФТА. Во Република Северна Македонија тие се применуваат на граничните премини Табановце, Блаце, Ќафасан и Богородица.

Проширувањето на зелените коридори кон земјите членки на ЕУ и понатаму останува да биде приоритет и се вложуваат напори покрај Грција, да биде вклучена и Бугарија.

3. Воведување на **заеднички премини/заеднички гранични контроли** на селектираните гранични премини и намалување на времето на чекање на граничните премини (веќе се применува на ганичните премини Табановце и Ќафасан). Се разгледува можноста за воведување на заеднички премини и со соседните ЕУ земји.

4. Проширена и подобрена примена на **управување со ризик во рамки на ЦЕФТА** и систематска размена на електронски податоци (SEED) со сите агенции вклучени во царинење на стока

Започнати се активности за подготовка на нова ЦЕФТА Стратегија за управување со ризици за периодот 2025-2028. Врз основа на податоци од царинските администрации за нивните искуства со Стратегијата за управување со ризици 2020-2024 година (успеси, предизвици и области за подобрување), се усогласуваат стратешките цели со приоритетите за интеграција на ЦЕФТА и со целите на секоја администрација.

5. **Воведување на регионален пазар за е-трговија** со усвојување на најважни усогласени правила и принципи на внатрешен пазар, преку олеснување на царинењето на пратки и надминување на праксата на ограничен пристап (geo-blocking).

## 6.3 Стратешки приоритет „Заштита на општеството"

Во претстојниот период Царинската управа во соработка и со другите царински администрации - членки на Светската царинска организација, својата улога на заштита на општеството ќе ја спроведува со посветено делување и унапредување на постапките поврзани со управувањето со ризик, приходи од измама (revenue fraud), контрола на патници и SAFE[10], борба против перење на пари и финансирање на тероризам, дрога и лекови, борба против сивата економија и сите други форми на криминал.

Растечките закани од организиран криминал, тероризмот, како и опасноста од нови закани во областа на забраните и ограничувањата, бараат соодветно вклучување на Царинската управа во однос на заштитата на здравјето, безбедноста и сигурноста на граѓаните и општеството.

Царинските контроли на граница ќе бидат првиот степен на заштитата на општеството и ќе се базираат на собирање и анализа на податоци, зајакнат систем на размена на податоци (посебно помеѓу службите на граничните премини) и примена на современи средства за контрола. Со таргетирани контроли ќе се обезбеди повисок степен на безбедност на патниците и поуспешно спречување и откривање на ризични лица и пратки.

Посебно внимание ќе биде посветено на оперативните единици што треба да бидат составени од доволен број на вработени со соодветен профил, да се одликуваат со способност за делување во секакви ситуации, како цврст фактор во превенирање и детектирање на незаконски дејствувања.

10 SAFE Framework of Standards to Secure and Facilitate Global Trade

**Стратешки цели:**

*6.3.1 Безбедност на граѓаните и колективна безбедност*

**Програма 5 – Сузбивање на нелегална трговија и организиран криминал**

**Потпрограма 5.1 - Координирани истражни и разузнавачки активности во рамки на електронски работни процеси**

Активности на стратешко делување:

- **Систем за управување со контролите и истрагите**

  Новиот интегриран информатички систем во Секторот за контрола и истраги ќе овозможи електронско покривање на работните процеси поврзани со контролните активности, истражните дејствија и другите надлежности на Секторот за контрола и истраги. Новиот информатички систем треба да ги замени постоечките апликации кои покриваат одредени сегменти од работењето, да покрие процеси кои до сега не се опфатени со постоечките апликациии, хармонизација и стандардизација на податоци, интеграција на процеси, следливост на предмети, подобрување на оперативните процедури.

- **Набавка на две апликации IBM I2 Analust Notebook concurrent User license + Sofware subscription & Support 12 (со обезбедување на обуки за користење)**

  Преку апликација за анализа на податоците „i2 Analyst's Notebook" се овозможува брзо собирање и структурирање на информациите во прегледна визуелна анализа, што им помага на аналитичарите побрзо да изградат единствена кохезивна интелигентна слика за случаите кои ги водат.
  Апликацијата спојува и збогатува големи разновидни податоци за да прикаже јасна, логична слика за луѓе, места, организации, настани итн. и им помага на истражувачите и аналитичарите со најсовремена работна средина да го максимизираат истражувањето на хипотезите и да откријат сознанија, обрасци и скриени односи со холистички поглед од 360°.

- **Фаза 2 од Проектот AIRCOP[11] и Container Control Programme[12] - фузирање во едно тело Групација за гранично управување (Border Management Branch) и**

---

[11] AIRCOP е проект за повеќе агенции, кој се спроведува од UNODC и во партнерство со INTERPOL и Светската царинска организација (WCO). Има за цел да се засилат капацитетите на меѓународните аеродроми за таргетирање и пресретнување на патници, товар и пратки кои претставуваат висок ризик, во поддршка на борбата против недозволената трговија со дрога и друга недозволена стока (како на пример производи од диви животни или фалсификувани медицински производи), закани од тероризам (како оружје или потенцијални странски терористички борци), трговија со луѓе и криумчарење на мигранти. Се олеснува исто комуникацијата и координацијата помеѓу земјите на

**проширување на активностите на Граничната меѓуагенциска единица (Border Interagency Unit) и на Аеродромот во Охрид**

Фазата 2 на проектот ќе трае од 2024 – 2027 година и ќе опфати активности пред сѐ за зајакнување на капацитетите на Граничната меѓуагенциска единица, како со човечки фактор, така и со опрема, обуки и други активности.

Предвидено е бројот на персонал да се зголеми за 4 лица, со две лица од Царина и две лица од Полиција. За испочитување на принципот на родова еднаквост, се препорачува новите ангажирани лица да бидат од женски пол.

**Изработка на Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот од 2025 – 2028 година (се спроведува со техничка и административна помош на Германското друштво за меѓународна соработка - ГИЗ)**

Новата Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот од 2024 – 2028 година, е во завршна фаза. Стратегијата со Акциски план се изработи од страна на Работната група формирана со решение донесено од Владата и со помош на експерт ангажиран од страна на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ). Доставена е на мислење до сите надлежни институции и потоа следи нејзино усвојување од страна на Владата на РСМ.

**Потпрограма 5.2 - Прилагодени методи за поуспешна заштита на правата од интелектуална сопственост**

Договорните страни на ЦЕФТА напредуваат во дијалогот околу ЦЕФТА рамка за интелектуална сопственост и даваат поддршка за соработката со EUIPO[13], што треба да допринесе за поголема интеграција на пазарот и примена на стоки што подлежат на заштита на интелектуална сопственост (IP assets) за економски раст.

Активности на стратешко делување:

1. Зајакнување на заштитата на правата од интелектуална сопственост преку натамошно усогласување на националната со европската регулатива;
2. Борба против организирани мрежи – воведување на нова компетенција „Фалсификати" во Секторот за контрола и истраги – Заштита на потрошувачот и животната средина, посебно за производи штетни по здравјето и безбедноста;

---

потекло, транзит и одредиште за прсретнување на прекугранични незаконски движења и криминални мрежи.

12 Програмата за контејнери (UNODC-WCO Container Control Programme -CCP) има за цел да се засилат капацитетите на земјите кои тежнеат да го подобрат процесот на управување со ризик, безбедноста на синџирот на снабдување, да ја олеснат трговијата во пристаништата, на аеродромите и на копнените гранични премини, со цел да се спречи прекугранично движење на недозволена стока.

13 European Union Intellectual Property Office (EUIPO)

3. Унапредување на контролата врз примената на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост;
4. Зајакнување на соработката на национално и меѓународно ниво со страните инвилвирани во заштитата на правата од интелектуална сопственост;
5. Подигнување на јавната свест преку одржување на јавни кампањи.

**Потпрограма 5.3 – Акредитација на простории и електронски ситем (SEICO систем) за посебни истражни мерки**

Во насока на зголемување на капацитетите за борба со криминалот и сузбивање на корупцијата, ќе овозможиме целосна функционалност на Секторот за посебни истражни мерки кој согласно закон има надлежност за следење на комуникации и физичко следење. Преку зајакнување на технолошките капацитети и стручни кадри, Секторот за посебни истражни мерки ќе даде соодветен импакт во спречувањето на криминалните дејствија.

Активности на стратешко делување:

1. Обезбедување на соодветни простории, нивно приспособување и прилагодување согласно предвидените безбедносни стандарди и нивна акредитација од Дирекција за безбедност на класифицирани информации;
2. Целосно пополнување на работните позиции во СПИМ согласно Правилникот за систематизација на работни места;
3. Обезбедување на соодветна канцеларија во рамките на работните простории на Царинската управа за поставување на работните станици, просторија која нема да биде во непосредна близина на јавен паркинг и би ги исполнувала мерките за физичка безбедност за ракување со класифицирани информации;
4. Акредидација на Систем за електронско издавање на судски наредби за спроведување на посебна истражна мерка – следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации и ракување со класифицирани информации по електронски пат – акредитација од ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА (ОТА) на РС Македонија;
5. Изготвување на подзаконски акти (упатства за работа и процедури) со кои се регулира работењето на Секторот за посебни истражни мерки.

## 6.4 Стратешки приоритет „Инфраструктурен и организациски развој и современо управување со човечки ресурси“

Царинската управа своите внатрешни реформски процеси ќе ги спроведува согласно приоритетите на Владата и зацртаните цели заеднички дефинирани со другите земји од Западен Балкан и Европската Унија: јакнење на државната администрација и вложување во административните службеници со почитување на начелата на родова еднаквост, вклученост на деловниот сектор и граѓаните во постапките на донесување на одлуки,

поголема транспарентност, структурни реформи за добро управување на сите нивоа, соодветен надзор и контрола при управување со јавни финансии и јавни набавки.

Организацискиот развој, согласно определбите на Светската царинска организација, ќе вклучи и: мерење на ефикасноста во работењето (performance measurement), интегритет, управување со човечки ресурси, спроведување на стратегија за градење на капацитети и примена на систем на специјализирани обуки.

Со подобрување на царинските начела и политики, издигнување на свеста и професионализмот кај царинските службеници, ќе делуваме во насока на сузбивање на корупттивните појави не само во институцијата, туку и на национално ниво.

Безбедноста и модернизацијата на инфраструктурата на граничните премини исто така останува да биде наш приоритет, со цел зголемување на безбедноста на граѓаните, посилна економија и скратување на времето на чекање на границите. Реконструкцијата на постоечките гранични премини, но и градење на нови ќе влијае на дополнително забрзување на прекуграничниот проток и на олеснување на трговската размена со соседните земји.

**Стратешка цел:**

*6.4.1 Професионална и ефикасна јавна администрација*

**<u>Програма 6</u> – Подигнати стандарди на стручност и професионалност**

**<u>Потпрограма 6.1</u> - Зајакнување на системот за управување со човечките ресурси**

Царинската управа ќе делува за остварување на целите во новата Програма на Владата во која е зацртано работењето на јавната администрација исклучително да се базира на принципите на ефикасност, транспарентност, професионалност, отчетност и достапност на услуги. Владата ќе се залага за ефикасна администрација која е целосно фокусирана на брза и квалитетна испорака на услуги и ги елиминира непотребните бирократски процедури.

Во процесот на јакнење на капацитети Царинската управа ќе биде посебно посветена на вработување на квалитетни кадри, развој на нивната кариера и континуирана едукација и обука, наградување, мотивација, ресистематизација, напреден систем на проверка и контрола.

Насоки и активности на стратешко делување:

***Рационализирање и дигитализирање на постапките за управување со човечки ресурси, базирани на царински компетенции, со практикување на праведен систем на вреднување на работната ефикасност и резултати***

1. **Имплементација на царинските компетенции** во процесите со управување со човечки ресурси;

2. Нова **Стратегија за управување со човечки ресурси 2025-2027**;
3. **Примена на современите технологии и напредни обуки во процесот на развој на вработените** (подразбира вклучување на вработените во националните и меѓународни системи за учење - Платформата за далечинско учење на Министерство за јавна администрација, Порталот за учење на ЕУ, CLiKC платформата на СЦО, LE TrainNET иницијативата на UNODC и други).

Потпрограма 6.2 - **Спроведување на мерки за спречување на несооодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола**

Ќе се работи на градење на интегритет кој во денешно време се опсервира како позитивен збир на однесувања што допринесуваат за чесен и етички однос при извршување на работата.

Насоки и активности на стратешко делување:

1. **Воведување на систем за телесни камери за царинските службеници на граничните премини** - набавка и инсталирање на опрема со која ќе се врши снимање на сите активности кои ги имаат царинските службеници во текот на нивното работење на граничните премини (до крајот на 2024 година завршува првата фаза со инсталирање на 60 телесни камери на 4 гранични премини и процесот продолжува во 2025 година со поставување на сите гранични премини);
2. **Унапредување на системот на задолжителни ротации** – периодични прераспределувања на царинските службеници во царинарниците;
3. **Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во ЦУ на РСМ 2024-2027 со Акционен план**;
4. **Следење на имплементацијата на Политиката за интегритет и соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата**;
5. **Усогласување на евиденцијата на анкетни листови и изјави за интереси со Законот за спречување на корупција и судир на интереси**;
6. **Унапредување на постапувањето и определување на работите и дејностите кои се во судир со службената должност на царинските службеници**;
7. **Унапредување на постапката за поефикасно откривање и докажување на кривични дела сторени од страна на царинските службеници (од НССКСИ 2021-2025)**;
8. **Намалување на дискреционите овластувања во сите сегменти на царинското работење**;
9. **Спроведување на кампања за спречување корупција и судир на интереси преку печатење и дистрибуција на брошури, плакати и социјални медиуми**;

Потпрограма 6.3 - **Модернизација на инфраструктурата на граничните премини**

Безбедноста и модернизацијата на патната инфраструктура останува да биде национален приоритет, за зголемување на безбедноста на граѓаните, посилна економија и скратување на времето за транспорт и логистика.

Се модернизираат гранични премини од патните мрежи на коридорите 8 и 10. Коридорот 8 е важен за поврзување на Јадранското и Црното Море преку Албанија, Северна Македонија и Бугарија.

Коридорот 10 е важен за поврзување на европската мрежа со Западен Балкан и овозможува конекција на нашата земја со Грција. Овие коридори нè поврзуваат со регионалната инфраструктура и пристаништата на Албанија, Бугарија и Грција.

Активностите ќе бидат насочени кон:

1. Подобрување на квалитетот на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници преку развој на инфраструктурата на граничните премини;
2. Воведување на автоматизиран систем за управување со терминалите на граничните премини;
3. Замена на старата и поставување на нова опрема (нови ваги, агрегати, рампи);
4. Подобрување на енергетската ефикасност на објектите;
5. Замена на постоечките системи за ладење и греење во објектите, со нови еколошки;
6. Поставување на опрема- фотоволтаици за производство на електрична енергија на објекти на Царинската управа;

***Тековни проекти за реконструкција на граничните премини и терминали:***

**Проекти со поддршка на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)**

- Проект за **изградба на граничниот премин Маркова Нога** (финасиран од ИПА 3 национална програма – 2021)
- **Проект за реконструкција на граничен премин Делчево** (финасиран од ИПА 3 национална програма – 2021 - Грант)
- **Проект за изградба на граничен премин Берово (ГП Клепало) – Струмјани** (финасиран од ИПА 3 Програма за прекугранична соработка со Република Бугарија за 2021 година)

***Проекти со поддршка на Светска банка***

- **Проект за реконструкција на граничниот премин Деве Баир** (финансиран преку заем од Светска банка)

  Со овој проект ќе се реконструира управната зграда на патниот премин, а ќе се изгради и нов административен објект на терминалот за стоково царинење. Проектот се реализира во текот на 2024 и 2025 година.

- **Проект за опремување и модернизација на ГП Ќафасан** (финансиран преку заем од Светска банка)

  Како фаза 1 од овој проект ќе се реконструира објектот за Царина и Полиција, ќе се догради објектот за шпедиции. Согласно изготвената проектно-техничка документација за втора фаза од проектот треба да се реализира комплетно ново инфраструктурно и сообраќајно решение на граничните премини Деве Баир и Ќафасан, односно преку проширување на сообраќајни ленти на влез и излез од државата, ќе се забрза протокот на стоки и патници и ќе се скрати времето на чекање.

**<u>Потпрограма 6.4</u> – Контрола на работните процеси**

Приоритет на ревизорско опсервирање ќе бидат процесите со препознаен ризик од средно и високо ниво. Внатрешните ревизии во својот фокус ги имаат основните надлежности на Царинската управа, организациската поставеност во Царинската управа, значајните наоди од претходно извршени ревизии, како и финансиската значајност на процесите. Работењето на внатрешната ревизија ќе резултира со препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли. Ќе се практикува изнесување на резултатите од планираните и спроведени ревизии за соодветно планирање на следните чекори кои треба да допринесат за општо подобрување и надминување на постоечките и веројатни ризици кои треба да се контролираат и надминуваат.

Со доекипирање на Одделението за внатрешна ревизија ќе се зголеми опфатот на работните процеси кои ќе бидат предмет на внатрешна ревизија.

**<u>Потпрограма 6.5</u> - Промотивни и едукативни активности, со воспоставен систем за информирање околу административни процедури**

Царинските процедури и практики се спроведуваат на предвидлив, конзистентен и транспарентен начин. Истовремено сме посветени и на стимулирање и овозможување дигитална трансформација (е-потпис, е-фактура, е-трговија, сајбер безбедност).

Односите со учесниците во царинските постапки се одговорност на целата Царинска служба, а не само на некои одделни организациони единици.

Царинската служба има воспоставено и одржува формални консултативни односи со учесниците во трговијата, со цел зголемување на соработката и воведување на најефикасни методи за работа кои ќе одговараат на националните прописи и меѓународни договори.

**Натамошно јакнење на меѓународната соработка и меѓународната позиција на Царинската управа**

Преку меѓународна соработка со царинските служби на земјите членки на Европската Унија, третите земји, како и со меѓународните тела и организации како што е Светската царинска организација ќе се обезбеди навремено и квалитетно остварување на приоритетните цели на Царинската управа во домен на: заштита на општеството, олеснување на трговијата, организациски и инфраструктурен развој, како и наплата на приходи и заштита на финансиските интереси. Не помалку важни се прашањата на застапување на интересите на државата во сите области на царинското работење.

Меѓународната соработка и натаму ќе се остварува преку:

- Склучување на меѓународни акти со надлежните царински служби на државите со кои се остварува соработка, со цел јакнење на меѓународната позиција на Царинската управа,
- Координација и застапување на интересите на Царинската управа и државата во работните тела на ЕУ во кои учествува, билатерните тела, регионалните и меѓународните организации, вклучително и Светската царинска организација,
- Учество во програмите за техничка помош, за градење на капацитети и слично кои ѝ се достапни на Царинската управа,
- Јакнење на билатералните односи со царинските служби на трети земји и меѓународните организации во согласност со тематските приоритети за развој на Царината,
- Користење на финансиските средства на ЕУ (ИПА, Програмата Царина 2021 – 2027), но со интенција да се прошират можностите за учество и во други програми за време на актуелниот стратешки период.

## 7. Главни фактори за успех

За успешната имплементација на оваа Стратегија за развој и дефинираните цели и мерки, Царинската управа ќе се потпира на политичката посветеност и поддршка, стабилните услови за работа, соодветните финансиски и човечки ресурси, спроведувањето на организациски промени и надминување на предизвиците на национално ниво.

## 8. Завршни одредби

Оваа Стратегија за развој стапува во сила на денот на нејзиното потпишување.

За спроведување на утврдените стратешки цели се одговорни сите организациони единици, во координација со Службата за стратешко планирање-Одделение за проекти и

стратешко планирање, во рамки на Секторот за меѓународна соработка и европска интеграција, проекти и стратешко планирање.

Реализацијата на стратешките приоритети и цели од Стратегијата е поддржана со разработен документ Планови за спроведување на програмите, во кој се дефинирани: **клучни индикатори за успешност по приоритети, стратешки ориентирани активности, со мерливи индикатори за изведба/успешност, рокови и потребните ресурси за нивно реализирање.**

За реализација на активностите од Плановите за спроведување на програмите 2025-2027, што се спроведуваат за постигнување на стратешките цели од овој документ, редовно ќе се информира врз основа на утврдените индикатори на успешност.

Во случај на отстапување од очекуваните резултати, ќе се пристапи кон прилагодување и преземање на дополнителни мерки.

Со донесување на оваа 01.10.00.СТ.052.01 Стратегија за развој на Царинската управа за период 2025-2027 година престанува да важи 01.10.00.СТ.047.01 Стратегија за развој на Царинската управа на Република Северна Македонија 2022-2024 година бр. 01-009052/22-0001 од 25.02.2022 година.

## 9. Прилози

- 01.10.00.СТ.052.01-ОБ.01.01 Акциски план за спроведување на Стратегијата за развој на Царинската управа за период 2025-2027 година
- 01.10.00.СТ.052.01-ОБ.02.01 Планови за спроведување на програмите за реализација на стратешките приоритети и цели за период 2025-2027 година

Директор
Горан Николовски

Бр. 01 – 002940/25-0001 24-01-2025
Скопје, 21.01.2025 г.

| | |
|---|---|
| Стратегијата ја подготви: | Служба за стратешко планирање |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Архива<br>Служба за стратешко планирање во Одделение за проекти и стратешко планирање-Сектор за меѓународна соработка и европска интеграција, проекти и стратешко планирање |